ВИКТОР ЛИЛЧИЌ – ИВАН СТАНЧЕВСКИ
Философски факултет
Скопје

**UDK 904(381)**

# ТОПОГРАФИЈА НА ДОЦНОАНТИЧКИОТ КАСТЕЛ „СТРАЖА“ КАЈ с. ФАРИШ, НА ДЕЛНИЦАТА ОД ПАТОТ EV(DA)RIST – CERAMIAE

*Абстракт*: Античкиот пат меѓу Стоби и Керамиа (Прилеп), долж клисурата на реката Раец, во доцната антика бил контролиран, од засега единствениот познат пункт – кастелот на „Стража“, с. Фариш.

## Вовед

Во рамките на теренските испитувања на неколку сообраќајни делници од античко време, а во врска со археолошката карта на Република Македонија, помеѓу неколкуте крајпатни фортифицирани пунктови го посетивме и локалитетот „Стража“ кај кавадарчкото село Фариш. Локалитетот во научната литература прв го споменува. В. Радовановиќ, меѓутоа само како пасиште за добитокот на месното население[1]. Потоа Иван Микулчиќ во топографскиот приказ на локалитетите околу селото Дреново, го позиционира на својата археолошка карта со вињета на кастел[2]. Истиот автор уште на две места го кфалификува локалитетот како значаен кастел[3].

Во текот на нашето истражување извршивме детален увид во топографијата на истиот со околината, при што сторивме технички премер на крепоста, и прибравме повеќе

---

[1] В. Радовановић, „Тиквеш и Рајец“, *Насеља и порекло становништва“*, књ. 17, Београд 1924, 499.

[2] И. Микулчиќ, „Топографијана EV(DA)RIST“, *Macd. acta archaeol.* 1, Прилеп 1975, слика 1, 176, под број 53. Без текстуален коментар.

[3] Исти “SPÄTANTIKE FORTIFIKATIONEN IN DER S.R. MAKEDONIEN”, XXXIII *Corso di cultura sull'arte ravennate e bizantina*, Ravenna 1986, број. 231, 252.
Исти, “Kasnoantička utvrdjenja u SR Makedoniji, pokušaj klasifikacije, *Materijali XX, Odbrambeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije*, Novi Sad 1986 број. 231, 117. Во овој текст авторот го поместува селото Фариш погрешно во општината Прилеп, наместо во Кавадарци каде денес административно припаѓа.

подвижни површински наоди. Овие наоди ги конкретизираат сознанијата околу функцијата и хронологијата на ова место. Ги изнесуваме нашите сознанија во врска со локалитетот.

Местоположба

„Стража" се наоѓа на околу 1,5 километри југоисточно од селото, а на околу 20 километри (воздушна линија) од центарот на Кавадарци. Претставува висок, карпест рид, во чие што југоисточно подножје минува автопатот Градско–Прилеп, преку мостот на Фаришка Река. Врвот на ридот е зарамнет во облик на тесна тераса од бречести седименти, што избиваат на самата површина на неколку места. Истиот се наоѓа на 438 метри надморска височина, односно на околу 100 метри над Фаришка река, која што го обиколува ридот од три страни (види карта–исечок на сл. 1). На тој начин, источната, западната и јужната падина на ридот „Стража" стрмно паѓаат во долината на Фаришка река, додека од северната страна конфигурацијата на теренот е нешто поблага, и терасесто се спушта.

Фортификација

На теренот констатиравме главно две утврдени целини: акропола́и широка околна тераса.

Акропола: има тесна издолжена форма во правец североисток – југозапад, голема 64 х 33 метри, односно површина од 0,18 ха. Била опфатена со одбрамбен зид чии што траги се минимални, а го следат работ на платото. Позиции на кули не успеавме да регистрираме.

Тераса: расположена околу акрополата, при што истата ја опфаќа од три страни. Има широка, речиси елипсесто заоблена форма, со површина од 120 х 100 метри, односно 1 хектар заедно со акрополата. Исто била опфатена со одбрамбен зид во малтерна техника со кршени плочи од локален камен – шкрилец, со тензија на водорамно полагање.Зидот денес се забележува на, површината на неколку места. Покрај тоа на речиси сета површина се забележува големо количество градежен материјал: камен од горните партии на објектите, делови на тули и покривни тегули – лаконски тип, со благо извиени рабови. Фрагментите од садова керамика се релативно малубројни, меѓутоа истите редовно ги носат карактеристичните доцноантички обележја. Забележани се и делови од помали и поголеми долиони.

Подвижни наоди

Сиот подвижен археолошки матријал, што успеавме да го прибереме со повеќекратно внимателно пребарување на утврдената површина исклучиво на акрополата, потекнува

главно од доцната антика[4]. Се работи за повеќе градежни клинови, фрагмент од неидентификуван бронзен предмет со лачен облик (можеби дел од хеленистичка белегзија), скршена брозена излижана плочка што можеби претставува дел од предримска – хеленистичка монета, потоа, исто така и железен врв од стрела долг 0,09 метри (сл.3), мал бронзен привзок во фрома на тролист–детелина (сл.4), и 25 ситни бронзени монети кои датираат од втората половина на 4 и почетокот на 5 век нова ера. Напоменуваме дека овие монети се во целост претставени во стручната литература[5]. На ова место напоменуваме дека се застапени следните: 5 монети на императорот Валентинијан I (364–395 г.н.е.) исто 5 монети на Теодосиј I (379–395 г.н.е.), 2 монети на Хонориј (393–423 г.н.е.), 4 монети на Аркадиј (395–408 г.н.е.), како и 9 монети со нечитлив аверс, меѓутоа за истите скоро со сигурност може да се тврди дека припаѓаат на истиот период (види сл. 5–8).

Заклучок

Врз основа на видливите остатоци од фортификацијата и наброените подвижни наоди на локалитетот „Стража" кај селото Фариш се наметнува заклучокот дека природно бранетата позиција на ридот со забележната доцноантичка фортификациона рамка која во најголем дел ја следи конфигурацијата на теренот, во целост одговарала на потребите, практиката и стандардите на единствениот доцноатички кастел–стража, или патролна станица за надгледување на важниот пат кој водел од градот Eu(da)rist стационирана точно на 3 римски милји во правец кон градот Ceramiae. Кастелот бил изграден најверојатно во време на владеењето на императорот Валентинијан I во рамките на зголемените фортификациони зафати предизвикани од крстосувањата на Готите низ внатрешноста на Балканот после поразот на римската војска кај Адријанопол. Во овој контекст воената посада од кастелот кај „Стража", не само што го надгледувала патот, туку претставувала и извесна заштита за околното население. Изненадува релативно големата површина на подградието – 1 хектар. Врз овој степен на сознанија не сме во можност да тврдиме дека овој простор бил населен од страна на фамилиите на војниците, или пак можеби се работи за едно постаро, предримско – хеленистичко утврдување, на што наведуваат споменатите фрагменти од белегзија и монета. За жал сета по-

[4] Наодите се подарени на нумизматичката збирка на Археолошкиот МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА.

[5] В. Лилчиќ, „Нови наоди од доцноантички крајпатни кастели кај Рогле, Свиларе, Сопот (ad Cephalon) и Фариш", *Историја*, 1–4, Скопје 1991, 151–153.

вршина на оваа тераса денес е густо обрасната со дива вегетација што оневозможува поголеми заклучоци без класични археолошки ископувања.

Последните сигурно датирани наоди датираат од првата четвртина на 5 век. Дали кастелот бил напуштен во времето на релативно продолжениот мирен период за време на владеењето на императорот Теодосиј II (408–450 г.н.е.), не можеме со сигурност да знаеме, меѓутоа отсуството на соодветен подвижен археолошки матријал и било каква обнова на тврдината од подоцнежно време говорат во прилог на една ваква претпоставка. На крајот да споменеме дека околниот разбрануван терен околу „Стража" е богат со руди и пасишта, поради што бил интензивно населен во периодот за кој што тука станува збор. Упатуваме само, на оние локалитети што се наоѓаат во непосрдна близина на кастелот а носат карактеристични топоними што претставуваат патоказ за натамошни посети и проучувања: месноста „Кулите" оддалечена 2 км североисточно од „Стража", потоа „Грамадите" на 2,5 км југоисточно и доминантниот рид „Влашко" што се наоѓа отспротива на „Стража" во истиот правец, а преку Фаришка река. Локалитетите не се посетени.

15.III.1992

## SUMMARY

*V. Lilčić – I. Stančevski*

### TOPOGRAPHY OF THE LATEANTIC CASTLE „STRAŽA" NEAR THE VILLAGE OF FARIŠ ALONG THE WAY EU(DA)RIST – CERAMIAE

The location is mentioned in scientific literature for the first time "as a important castle" by Ivan Mikulčić. In this occasion we are giving out some new essential elements about its historical character.
"Straža" is located on 1,5 km southeast from the village Fariš, on a hill 100 m high above the Fariška river, which surrounds him from three sides making natural protection. The castle is consisted of two divers parts: so called small acropolis (64 x 33 m) and bigger terrace on a lower level (120 x 100 m). Both were surrounded with stonewall with mortar. Remains from this wall nowadays can be seen on few places. On "Straža" we had founded a great number of casual findings. Among them the most important are 25 small late roman bronze coins. The oldest dates from the reign of Valentinianus I (364–375), and the last were striken during the reign of Honorius (393–423).
According with the archaelogical evidents we belive that the castle on "Straža" was probably built or renewed during the reign of Valentinianus I, after the defeat of the Roman army at Hadrianopolis when central Balcan was plundered by the Coths. We belvie that the castle was abonded during the long peaceful period under the reign of Theodosius II (408–450).
Absence of any latter archaeological evidents, speak on one's bethalf of such hipothesis.




Сл. 1 – „Стража", с. Фариш. Карта–исечок






сл.3




сл.4



сл.5




сл.6



сл.7



сл.8